








25.05.2011, 17:13

# „ДОСИЕ ШЛЕПЕР“ И „ПРЕСКОК“ ПАТУВААТ ЗА ВЕНЕЦИЈА



**Отворањето на македонскиот павилјон на Венециското биенале е на 2 јуни**

**Катерина Богоева**

Уметничките проекти „Досие шлепер“ на колективот „Зеро“ и „Прескок“ на скулпторот Жарко Башески, годинешните македонски претставници на 54. Интернационално уметничко биенале во Венеција веќе се на пат. Тие во италјанскиот град ќе бидат свечено претставени на 2 јуни, во 16 часот на отворањето на, за оваа прилика изнајмениот павилјон во палатата Песаро Папафава, каде публиката ќе може да ги види од 4 јуни до 27 ноември. За прв пат од учеството на земјава на престижната манифестација, делата ќе бидат изложени во ист простор, одвоени со заеднички ходник. Зад „Досие шлепер“ стои Националната галерија на Македонија, а зад „Прескок“ Центарот за култура „Марко Цепенков“ од Прилеп.

На вчера одржаната прес - конференција во „Мала станица’ по овој повод говореа директорката на Националната галерија на Македонија, Маја Крстевска која потсети дека оваа институција по петти пат учествува на Биеналето; Александар Станковски кој говореше во име на „Зеро“ (иако до него седеа уште тројца членови на колективот Игор Тошевски, Златко Трајковски и Беди Ибраим) и Жарко Башески.

Станковски потенцираше дека пет месечното создавање на „Досие шлепер “ за колективот бил многу интересен процес, бидејќи реализацијата на проектот тргнала од неколку „бегли“ идеи. Го нарече делото „еден вид визија која може да подразбере еден вид рекапитулација на 17 години кога колективот не делувал како група, туку кога неговите членови биле свртени кон индивидуалните кариери.

„А токму тие години, од 1993 година до ретроспективата, организирана во „Мала станица“ во 2009 година, се нафлагрантните години на транзицијата. Затоа овој проект е тесно поврзан со тој период, како еден вид историја

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ

- ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ СО ДОБИВКА ОД 22,3 МИЛИОНИ ЕВРА ГО ПРОДОЛЖУВА ТРЕНДОТ НА ДОБРО РАБОТЕЊЕ
- ОД НЕДЕЛА НОВ ВЛАЖЕН БРАН
- ПРОМОЦИЈА НА НОВИОТ ОБЈЕКТ НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА В НЕДЕЛА СО ЕКСКЛУЗИВЕН КОНЦЕРТ
- ТРАНСМЕТ" НА СЕАД КОЧАН ДОБИ УШТЕ ТЕНДЕР ОД ЕЛЕМ
- СМЕТКОВОДИТЕЛИТЕ СО ТАРИФНИК ЗА МИНИМАЛЕН НАДОМЕСТ ЗА УСЛУГИТЕ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

14° СКОПЈЕ ВРЕМЕ

Ведро

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 22 | 21 | 21 | 19 |
| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
| 21 | 22 | 24 | 26 | 25 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ

- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома
- Суспендирани 15 вработени во МВР за инцидентите во Собранието
- Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ

видена низ едно поетско, уметничко видување. Сакавме да ги сумираме сите наши искуства во „Досие шлепер", но, можевме да сумиравме некои пунктови, така да проектот е комплексна ликовна инсталација која во една глобална симболичка смисла ги нотира координатите на тие драматични собитија на нашата историја. Ние не сме историчари, ние сме уметници и затоа честопати проектот одеше во разни поетски или гностички сфери, и тоа можеби беше најинтересното. Таа интеракција на идеи". Инсталацијата која е работена во комбинирана техника ја чинат најдени објекти, неонски знак и осум дигитални принтови во варијабилни димензии.

Жарко Башески во својата инсталација „Прескок" сочинета од три сложени супер - реалистични скулптури на еден ист човек, со димензии нешто поголеми од вообичаените, во три ситуации, претставил момент од вечната човекова тенденција да се надмине себеси. „Јас долго време работам на проблемот на човекот, на неговата фигура, на неговата психологија", рече. На делото со кое заминува за Венеција работел осум месеци, но на тој циклус на дела изработени во силикон неколку години.

„Ако кај Башески има желба за растеж на човекот во согласност со принципите на Ниче за натчовек, кај нас има негирање на човечкото, во име на универзалното" рече Станковски, нарекувајќи ги двете дела, иако различни во овој случај, супер компатибилни во метафизичка, математичка смисла.

Одвојувајќи настани што го инспирирале „Зеро" во создавањето на „Досие шлепер", Александар Станковски меѓу другите ги наброја: распадот на СФРЈ, целата геостратегија, пропаѓањето на македонската економија и низа други ситуации кои тој не сакаше да ги набројува, но кои рече дека предизвикувале стрес во македонската јавност во споменатите, 17 поминати години.

„Но, од друга страна има некоја есхатолошка линија која цело време го подига македонското општество на чуден начин, иако проаѓа низ кризни периоди.Тоа сепак прави некој избор кој го тера да оди напред и напред, во смисла на самата егзистенција, не во квалитстивна смисла, туку во смисла на постоење и опсервација, што е можеби и најкруцијалниот момент на самото човеково постоење, во конформизмот кој денеска во целата реторика се третира како нешто добро и позитивно. И сите устројства на македонската глобална политичка елита се устроени кон една илузија, особено опозицијата, а тоа е мантрањето за НАТО и ЕУ, што ме потсетува на мантрањето за комунизмот во време на поранешната СФРЈ.

Сите тие кои денеска зборуваат дека НАТО и ЕУ се ултимативна цел, претходно зборуваа дека тоа се идеолошки непријатели и дека тоа е расипаниот нели, капиталистички империјализам кој сака да ја загрози нашата татковина, што на крај во геостратешки смисла се покажа како точно. Но, хипокризијата која произлезе од тие елити кои подоцна се престроија и фатија сосема друг, пред се сервилен курс, не тера исто така да го промислуваме и обработуваме тој момент. Но, тоа е преживување, политичко и општествено преживување. Можеби тоа е најбитната тема која нас не предизвикува во овие времиња", рече Станковски, не конкретизирајќи за која опозиција станува збор.

На прашањето упатено до сите присутни на прес конференцијата, дали авторите на делата добиле и авторски хонорари за нивна изработка, Станковски пак одговори.

„Ние добивме средства за изработка на делото, ги потрошивме за тоа, сеуште не сме ги сумирале плусовите и минусите, но мислам дека добро појдовме во рамките на буџетот. А тој е шест и пол милијарди евра колку што траеше пљачкосувањето на македонската економија во тие 17 години. Тоа е нашиот проект, еден од најскапите во историјата на уметноста. Тие милијарди се во џебовите на посткомунистичките олигарси, но ние се радуваме на секој богат човек, нели?"

Статијата е прочитана 1333 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Deutsche Welle
- Пипа кажа „Да"
- Моја Европа: Германско - полско помирување 2.0
- Германија: Еден милион слободни работни места

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**„Заспаната убавица“ премиерно на „Мајски оперски вечери“**

**Нашите „успеси“ на маркетот во Кан**

**Четири награди за актерите на Мал драмски театар во Бугарија**

**Почнува 39. издание на Светската галерија на уметноста на хартија**

**Радиоемисијата „Постглобал“ пресликана во фестивал**

## КОМЕНТАРИ

**Stojan od Skopje**, 26.05.2011 15:23:50

Браво „Рембрант“! Да имаше малку срам, како член на Советот на Министерство за култура, ќе замолчеше. Ама немаш ни срам ни образ. Па нели не сакаше да одиш во Венеција? Што сега ти се прчиш пред сите од „Зеро“? Тие мутави ли се? А кој ти ги правеше сите претходни изложби? Таа иста „комунистичка олгигархија“, нели?!

Кликнете за оценка: 8 | 9

период од-до 2006 - 2014

ONLINE ИЗДАНИЕ
Вести
Магазин
Спорт
Култура

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Политика
Македонија
Економија
Хроника
Коментари
Свет
Култура
Спорт
Скопје
Забава
Хороскоп

ПРИЈАТЕЛИ
Дневник
Вест
Теа Модерна
Огласник 24

МАРКЕТИНГ

POWERED BY nextsense

РЕДАКЦИЈА
ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат
Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани